Буџетот на Општина Велес за 2019 година влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес" , а ќе се применува од 1 -ви јануари 2019 година

27

Претседател
на Совет на Општина Велес
м-р Душко Петров

III. РАЗВОЕН ДЕЛ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА Велес ЗА ПЕРИОД 2019- 2021 ГОДИНА

JLA	Инфраструктурра во Индустриски зони и Сателитска Населба
ЦЕЛ	Создавање на услови за нормално функционирање на сите Индустриски зони на територија на општина Велес преку изградба на потребна инфраструктура (Караслари, Речани, УЗУС, Порцеланова, Сателитска Населба и др.)

Категорија		Извор на финансирање	2019	2020	2021
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**		**4.000.000**	**0**	**0**
		БУЏЕТ	4.000.000	0	0
		САМОФИНАНСИРАЧКИ	0	0	0
		ДОНАЦИИ	0	0	0
		ЗАЕМИ	0	0	0
		ВКУПНО	**4.000.000**	**0**	**0**

БИЛАНС НА ПРИХОДИ - 2020

Ниво на: Ставка

		317.987.494	84.408.809	467.901.075	26.996.748	0	897.294.126
Категорија Ставка	О П И С	Б У Џ Е Т					
		Буџет	Приходи од самофинан. активности	Приходи од дотации	Приходи од донации	Приходи од кредити	ВКУПНИ ПРИХОДИ
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**157.041.010**	**0**	**0**	**0**	**0**	**157.041.010**
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	10.815.000	0	0	0	0	10.815.000
713	Даноци на имот	44.805.000	0	0	0	0	44.805.000
717	Даноци на специфични услуги	94.829.010	0	0	0	0	94.829.010
718	Такси на користење или дозволи за вршење на дејност	6.592.000	0	0	0	0	6.592.000
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**7.165.195**	**84.408.809**	**0**	**0**	**0**	**91.574.004**
722	Глоби, судски и административни такси	1.603.195	0	0	0	0	1.603.195
723	Такси и надоместоци	1.030.000	84.408.809	0	0	0	85.438.809
724	Други владини услуги	0	0	0	0	0	0
725	Други неданочни приходи	4.532.000	0	0	0	0	4.532.000
73	**КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**	**33.362.931**	**0**	**0**	**0**	**0**	**33.362.931**
733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	33.362.931	0	0	0	0	33.362.931
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**120.418.358**	**0**	**467.901.075**	**26.996.748**	**0**	**615.316.181**
741	Трансфери од други нивоа на власт	120.418.358	0	467.901.075	0	0	588.319.433
742	Донации од странство	0	0	0	26.550.488	0	26.550.488
744	Тековни донации	0	0	0	446.260	0	446.260

БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2020

Ниво на: Ставка

		317.987.494	**84.408.809**	**467.901.077**	**26.996.748**	**0**	**897.294.128**

Категорија Ставка	О П И С	Б У Џ Е Т					
		Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**53.270.574**	**0**	**381.813.025**	**0**	**0**	**435.083.599**
401	Основни плати	34.689.911	0	277.664.721	0	0	312.354.632
402	Придонеси за социјално осигурување	11.978.363	0	103.684.804	0	0	115.663.167
404	Надоместоци	6.602.300	0	463.500	0	0	7.065.800
41	**РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ**	**1.493.500**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.493.500**
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	1.493.500	0	0	0	0	1.493.500
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**111.105.841**	**72.584.409**	**85.150.996**	**22.441.371**	**0**	**291.282.617**
420	Патни и дневни расходи	1.723.190	1.112.400	30.900	8.302.874	0	11.169.364
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	25.791.200	5.252.485	33.277.760	0	0	64.321.445
423	Материјали и ситен инвентар	5.530.627	32.323.460	3.296.064	1.468.231	0	42.618.382
424	Поправки и тековно одржување	29.073.204	8.654.060	3.608.382	0	0	41.335.646
425	Договорни услуги	24.915.385	21.935.189	44.028.770	7.542.876	0	98.422.220
426	Други тековни расходи	14.802.235	3.306.815	909.120	5.127.390	0	24.145.560
427	Привремени вработувања	9.270.000	0	0	0	0	9.270.000
45	**КАМАТНИ ПЛАЌАЊА**	**10.300**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.300**
452	Каматни плаќања кон домашни кредитори	10.300	0	0	0	0	10.300
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**61.541.594**	**0**	**0**	**0**	**0**	**61.541.594**
463	Трансфери до невладини организации	7.271.800	0	0	0	0	7.271.800
464	Разни трансфери	54.269.794	0	0	0	0	54.269.794
47	**СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ**	**618.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**618.000**
471	Социјални надоместоци	618.000	0	0	0	0	618.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**81.401.200**	**11.824.400**	**937.056**	**4.555.377**	**0**	**98.718.033**
480	Купување на опрема и машини	10.815.000	3.471.100	248.559	126.377	0	14.661.036
482	Други градежни објекти	68.206.900	6.550.800	0	4.429.000	0	79.186.700
483	Купување на мебел	61.800	1.339.000	284.623	0	0	1.685.423
485	Вложувања и нефинансиски средства	2.317.500	463.500	403.874	0	0	3.184.874
49	**ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА**	**8.546.485**	**0**	**0**	**0**	**0**	**8.546.485**
491	Отплата на главнина до нерезидентни кредитори	8.546.485	0	0	0	0	8.546.485

БИЛАНС НА ПРИХОДИ - 2021

Ниво на: Ставка

		327.249.265	86.867.318	481.529.261	27.783.061	0	923.428.905
Категорија Ставка	О П И С	Б У Џ Е Т					
		Буџет	Приходи од самофинан. активности	Приходи од дотации	Приходи од донации	Приходи од кредити	ВКУПНИ ПРИХОДИ
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**161.615.020**	**0**	**0**	**0**	**0**	**161.615.020**
711	Данок од доход. од добивка и од капитални добивки	11.130.000	0	0	0	0	11.130.000
713	Даноци на имот	46.110.000	0	0	0	0	46.110.000
717	Даноци на специфични услуги	97.591.020	0	0	0	0	97.591.020
718	Такси на користење или дозволи за вршење на дејност	6.784.000	0	0	0	0	6.784.000
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**7.373.890**	**86.867.318**	**0**	**0**	**0**	**94.241.208**
722	Глоби, судски и административни такси	1.649.890	0	0	0	0	1.649.890
723	Такси и надоместоци	1.060.000	86.867.318	0	0	0	87.927.318
724	Други владини услуги	0	0	0	0	0	0
725	Други неданочни приходи	4.664.000	0	0	0	0	4.664.000
73	**КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**	**34.334.667**	**0**	**0**	**0**	**0**	**34.334.667**
733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	34.334.667	0	0	0	0	34.334.667
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**123.925.688**	**0**	**481.529.261**	**27.783.061**	**0**	**633.238.010**
741	Трансфери од други нивоа на власт	123.925.688	0	481.529.261	0	0	605.454.949
742	Донации од странство	0	0	0	27.323.803	0	27.323.803
744	Тековни донации	0	0	0	459.258	0	459.258

БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2021

Ниво на: Ставка

		327.249.264	**86.867.318**	**481.529.262**	**27.783.060**	**0**	**923.428.904**

Категорија Ставка	О П И С	Б У Џ Е Т					
		Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**54.822.144**	**0**	**392.933.791**	**0**	**0**	**447.755.935**
401	Основни плати	35.700.296	0	285.752.043	0	0	321.452.339
402	Придонеси за социјално осигурување	12.327.248	0	106.704.748	0	0	119.031.996
404	Надоместоци	6.794.600	0	477.000	0	0	7.271.600
41	**РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ**	**1.537.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.537.000**
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	1.537.000	0	0	0	0	1.537.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**114.341.934**	**74.698.518**	**87.631.120**	**23.095.002**	**0**	**299.766.574**
420	Патни и дневни расходи	1.773.380	1.144.800	31.800	8.544.706	0	11.494.686
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	26.542.400	5.405.470	34.247.016	0	0	66.194.886
423	Материјали и ситен инвентар	5.691.713	33.264.920	3.392.067	1.510.994	0	43.859.694
424	Поправки и тековно одржување	29.919.997	8.906.120	3.713.478	0	0	42.539.595
425	Договорни услуги	25.641.076	22.574.078	45.311.160	7.762.570	0	101.288.884
426	Други тековни расходи	15.233.368	3.403.130	935.599	5.276.732	0	24.848.829
427	Привремени вработувања	9.540.000	0	0	0	0	9.540.000
45	**КАМАТНИ ПЛАЌАЊА**	**10.600**	**0**	**0**	**0**	**0**	**10.600**
452	Каматни плаќања кон домашни кредитори	10.600	0	0	0	0	10.600
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**63.334.067**	**0**	**0**	**0**	**0**	**63.334.067**
463	Трансфери до невладини организации	7.483.600	0	0	0	0	7.483.600
464	Разни трансфери	55.850.467	0	0	0	0	55.850.467
47	**СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ**	**636.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**636.000**
471	Социјални надоместоци	636.000	0	0	0	0	636.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**83.772.108**	**12.168.800**	**964.351**	**4.688.058**	**0**	**101.593.317**
480	Купување на опрема и машини	11.130.000	3.572.200	255.800	130.058	0	15.088.058
482	Други градежни објекти	70.193.508	6.741.600	0	4.558.000	0	81.493.108
483	Купување на мебел	63.600	1.378.000	292.913	0	0	1.734.513
485	Вложувања и нефинансиски средства	2.385.000	477.000	415.638	0	0	3.277.638
49	**ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА**	**8.795.411**	**0**	**0**	**0**	**0**	**8.795.411**
491	Отплата на главнина до нерезидентни кредитори	8.795.411	0	0	0	0	8.795.411

Бр. 356

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2019 година

Се објавува, Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2019 година што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.12.2018 година.

Број 08-6580/2
31.12.2018 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. 1/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општината Велес” бр.12/06,3/09,18/10,15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2019 година

Член 1

Буџетот на Општина Велес за 2019 година се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст Буџетот).

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации и Буџет на дотации.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 6

Пренаменета во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20 % со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати, наемнини и надоместоци на ниво на ставка во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- на избраните и именуваните лица бруто платата ќе се исплатува согласно утврдениот коефициент по закон, применет на основа на исплатената просечна месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година;
- вредноста на бодот на административните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината
-на вработените во ТППЕ како и на вработените по Закон за работни односи ќе им се исплаќа бруто плата согласно, Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Велес.

Член 10

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2019 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

Средствата ќе се планираат на наменската сметка – дотации(930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи(903).

Локалните јавни установи финансирани со блок дотациите од општинскиот Буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (ПДД-МП и МП –1, копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата.

Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Надоместокот за дневница за службено патување во земјата изнесува 800,00 денари, плус персонален данок на таа сума.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Член 13

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 70% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утрдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 14

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 404150 - Други надоместоци на основа донесено Решение од Градоначалникот

Член 15

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 404150 –Други надоместоци

Член 16

Користењето на средствата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 17

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

Член 18

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во Општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464940-Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката.

Во случај на смрт на вработен во Општината и локалните јавни установи, во случај на смрт на член на неговото потесно семејство, исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) .

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на предходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на градоначалникот.

Член 19

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990 - Други трансфери на основа донесено Решение од Градоначалникот согласно Правилникот за доделување на Јубилејни награди.

Член 20

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 21

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во Буџетот на Општината.

Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата ,образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии ,врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи со соодветна пропратна документација.

Член 22

Се овластува Одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата .

Член 23

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 24

Буџетот на Општина Велес се извршува од 01.01.2019 до 31.12.2019 година.

Член 25

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01 Јануари 2019 година.

Број 25-6565/3
28.12.2018год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 357

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот на платите на административните службеници за 2019 година

Се објавува, Одлуката за утврдување на вредност на бодот на платите на административните службеници за 2019 година што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.12.2018 година.

Број 08-6580/3
31.12.2018 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Р.М.” бр. 27/14,199/14, 48/15,154/15, 05/16,142/16 и 11/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.” бр.5/02) и член 45 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10,15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници во Општина Велес за 2019 година

Член 1

Вредноста на бодот на платите на административните службеници за 2019 година изнесува 76,8денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2019 година.

Број 25-6565/4
28.12.2018год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 358

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на пазарна вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес

Се објавува, Одлуката за утврдување на пазарна вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.12.2018 година.

Број 08-6580/4
31.12.2018 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 05/02), член 5 став 4 од Законот за даноците на имот („Сл. весник на РМ“ бр. 61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 3/09, 18/10, 15/14 и 15/18), а согласно член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот на Министерството за транспорт и врски на Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр.54/12,17/13, 21/13 и 142/14)

Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 28.12.2018 година донесе:

О Д Л У К А
за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште на подрачјето на Општина Велес

Член 1

Пазарната вредност на градежното земјиште се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби на градежно земјиште на подрачјето на Општина Велес во 2018 година.

Член 2

Подрачјето на Општина Велес е поделено на осум зони во зависност во кој дел на територијата на Општина Велес се извршени купопродажби на градежно земјиште во 2018 година.

Член 3

Во **првата зона** се наоѓаат улиците :

Р.бр.	Име на улица	предходно		забелешка
1	„Алексо Демниевски - Бауман“			од почеток до спој со „АСНОМ“ (претходно ул.„Моша Пијаде“)
2	„Благој Ѓорев“			од почеток до пресек со ул.„Андон Шурков“
3	„Борис Трајковски“	„Ленинова“		
4	„Гоце Делчев“			
5	„Димитар Влахов“			од почеток до пресек со ул.„Илинденска“
6	„Илинденска“			
7	„8-ми Септември“	„Маршал Тито“		
8	„Наум Наумовски-Борче“			
9	„Страшо Пинџур“			од почеток до пресек со ул. „Гоце Делчев“

1	„Ангел Мишев“	„Нишка“		
2	„Архиепископ Михаил“	„Владимир Назор“		од почеток до пресек со ул.„Љубен Весов “
3	„АСНОМ“	„Моша Пијаде“		од почеток до спој со ул.„Андон Шурков“
4	„Благој Ѓорев“,			од пресек со ул.„Андон Шурков“ до пресек со ул.„Партение Зографски“ (претходно ул.„Првомајска“)
5	„Васил Ѓоргов“,			од почеток до пресек со ул.„Орце Мартинов“
6	„Георги Војтех“			
7	„Димитар Влахов“,			од пресек со ул. „Илинденска“ до пресек со ул.„Родна Ивева“
8	„д-р Христо Татарчев“	„Марксова“		
9	„11-ти Октомври“			
10	„Киро Рогужаров“,			од почеток до пресек со ул.„Кресненско востание“ (претходно ул. „Иво Лола Рибар“)
11	„Кресненско востание“	„Иво Лола Рибар“		од почеток до пресек со ул.„Димитар Влахов“
12	„Крсте Мисирков“			
13	„Лазо Осмаков“			
14	„Методија Андонов Ченто“	„Енгелсова“		
15	„Мирка Гинова“			
16	„Нада Бутникошарева“			
17	„Никола Карев“			
18	„Никола Оровчанец“,			од почеток до пресек со ул. „Ѓоре Органџиев“
19	„Оливер Китановски“	„Прва Комуна“		

20	„Орце Мартинов“,			од почеток до пресек со ул. „Самоборска“
21	„Пајак Планина“			
22	„Панко Брашнар“			
23	„Петре Прличко“			
24	„Солунска“			
25	„Тодор Христов - Офицерчето“	„Народен фронт“		
26	„III Кумановска ударна бригада“			
27	„Христо Узунов“	„Сутјеска“		
28	„Цар Самоил“			

1	„Андон Шурков“			без кракот од ССОУ „Коле Неделковски“ до пругата Битола-Велес
2	„Алексо Демниевски - Бауман“			од пресек со ул „АСНОМ“ (претходно ул.„Моша Пијаде“) до Железничка станица
3	„Архиепископ Михаил“	„Владимир Назор“		од пресек со ул.„Љубен Весов“ до пресек со ул. „Коле Неделковски“
4	„Бане Андреев Ронката“			
5	„Благој Абрашев“			
6	„Благој Ѓорев“			од пресек со ул.„Партение Зографски“ (претходно ул.„Првомајска“) до ул.„Невена Георгиева -Дуња“
7	„Браќа Капчеви“			
8	„Васил Главинов“			од почеток до пресек со ул.„Партение Зографски“ (претходно ул. „Првомајска“)
9	„Гаврило Радомир“			
10	„Димко Најдов“			од почеток до спој со ул.„Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“)
11	„Димче Мирчев“			
12	„Ѓоре Органџиев“			
13	„Ѓошо Органџиев“			
14	„Јане Сандански“			од почеток до пресек со ул.„Нада Бутникошарева“
15	„Киро Ќучук“			од почеток до пресек со ул.„Белградска“
16	„Коле Дрнков“			
17	„Коле Неделковски“			
18	„Коле Цветков“			од почеток до спој со ул. „Браќа Капчеви“
19	„Костурска“			од почеток до пресек со ул. „8-ма Велешка бригада“
20	„Кресненско востание“	„Иво Лола Рибар“		од спој со ул.„Димитар Влахов“ до спој со ул.„Киро Рогужаров“
21	„Кукушка“			
22	„Љубљанска“			од почеток до спој со ул.„Рилски Конгрес“ (претходно ул. „Игманска“)
23	„Никола Оровчанец“			од пресек со ул.„Ѓоре Органџиев“ до крај
24	„8-ма Велешка бригада“			
25	„8-ми Март“			
26	„Петар Поп Арсов“			
27	„Страшо Пинџур“			од спој со ул. „Гоце Делчев“ до крај
28	„Тодор Јанев“			од почеток до спој со ул. „Костурска“
29	„Трајко Панов“			
30	„Филип II“			
31	„Шефки Сали“			

1	„Ангелко Палашев“	„Стојан Јанаќиевиќ“		
2	„Архиепископ Михаил“	„Владимир Назор“		од пресек со „Коле Неделковски“ до пресек со ул.„Кирил и Методиј“)
3	„Благој Ѓорев“			од пресек со ул.„Невена Георгиева - Дуња“ до крај
4	„Благој Нечев“			
5	„Боге Николов“			
6	„Димо Хаџи- Димов“			
7	„Димче Димовски - Кокошарчето“			
8	„Јордан Хаџи Константинов - Џинот“			од почеток до спојот со ул.„Прохор Пчински“
9	„Киро Рогужаров“,			од пресек со ул. „Кресненско востание“ (претходно ул. „Иво Лола Рибар“) до крај
10	„Костурска“,			од пресек со ул. „8-ма Велешка бригада“ до крај
11	„Кочо Рацин“,			од почеток до ул. „Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“)
12	„Мирче Ацев“,			од почеток до пресек со ул. „Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“)
13	„Луј Пастер“			
14	„Партение Зографски“	„Првомајска“		
15	„Партизанска“			
16	„Самоборска“			

Во **првата зона** пазарната вредност на градежното земјиште изнесува **2.000,00** денари за метар квадратен.

Член 4

Во **втората зона** се наоѓаат улиците :

Р.б	Име на улица	предходно		забелешка
1	„Академик Пенчо Давчев“			без краците од лева страна (Речани)
2	„Андон Шурков“			од ССОУ „Коле Неделковски“ до пругата Битола-Велес
3	„Архиепископ Михаил“	„Владимир Назор“		од пресек со ул.„Кирил и Методиј“ до крај
5	„АСНОМ“	„Моша Пијаде“		од спојот со ул.„Андон Шурков“ до ул.„Васа Кошулчева“
6	„Белградска“			од спојот со ул.„Димитрија Чуповски“ до крај
7	„Борис Карпузов“			
8	„Браќа Поп Јорданови“			од почеток до спој со ул.„Љубен Весов“
9	„Вардарска“			
10	„Васа Кошулчева“			
11	„Васил Ѓоргов“			од пресек со ул. „Орце Мартинов“ до крај
12	„Васил Илјоски“	Речани		
13	„Вера Цировири-Трена“			од почеток до пресек со ул.„Бошко Златанов“
14	„Гемиџиска“			
15	„Димитрија Чуповски“			од почеток до пресек со ул.„Белградска“
16	„Живко Фирфов“			
17	„Југотутун“	М.в. Индустриска Зона		

18	„Киро Зафиров“			
19	„Којник“			
20	„Коле Димов -Витамин“			
21	„Коле Цветков“			од спојот со ул.„Браќа Капчеви“ до спојот со ул.„Загребска“
22	„Кузман Јосифовски – Питу“			
23	„Петре Алчев“			
24	„Раштански Пат“			

Р.бр.	Име на улица	предходно		забелешка
1	„Академик Пенчо Давчев“,			само краците од лева страна (Речани)
2	„Андреја Дамјанов“			
3	„АСНОМ“	„Моша Пијаде“		од пресек со ул.„Васа Кошулчева“ до крај
4	„Белградска“,			од почеток до пресек со ул.„Димитрија Чуповски“
5	„Бошко Златанов“			
6	„Васил Главинов“,			од спојот со ул.„Партение Зографски“ (претходно ул. „Првомајска“) до крај
7	„Грозда Кочова“			
8	„Димитар Андонов Папрадишки“	Речани		
9	„Д-р Панче Васков“	Речани		
10	„Јане Сандански“,			од спојот со ул.„Нада Бутникошарева“ до крај
11	„Камка Тоцинова“			
12	„Климент Охридски“,			од почеток до пресек со ул.„Кирил и Методиј“
13	„Кочо Рацин“,			од спојот со ул.„Архиепископ Михаил“(претходно ул. „Владимир Назор“) до спојот со ул.„Љубен Весов“
14	„Љубен Весов“, “			од почеток до спојот со ул.„Мирче Ацев
15	„Максим Горки“,			од почеток до пресек со ул.„Миле Милевски“
16	„Мирче Ацев“,			од спојот со „Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“) до спојот со ул.„Љубен Весов“
17	„Михајло Апостолски“			
18	„Мицко Козар“			
19	„Невена Ѓеорѓиева- Дуња“,			од почеток до пресек со ул.„Киро Пракицов“
20	„Орце Мартинов“,			од пресек со ул.„Самоборска“ до пресек со ул„Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“)
21	„Орце Шутев“			
22	„Павел Шатев“			
23	„Роса Плавева“			
24	„Сараевска“,			од почеток до пресек со ул.„Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“)
25	„Славко Ѓоргиев-Сватот“			
26	„Стефан Димитров	„Неретва“		

1	„Алексо Демниевски-Бауман“,			од Железничка станица до крај
2	Андон Ќосето			
3	„Андреја Димков“			
4	„Благој Јосмов“, “			од почеток до пресек со ул.„Славјанска
5	„Благој Кирков“,			од почеток до пресек со ул.„Прохор Пчински“
6	„Браќа Миладиновци“			
7	„Браќа Поп Јорданови“,			од пресек со ул.„Љубен Весов“ до пресек со ул. „Крали Марко“
8	„Вера Цировири-Трена“,			од спој со ул.„Бошко Златанов“ до пресек со ул.„Јане Сандански“
9	„Димитрија Чуповски“ “			од пресек со ул.„Белградска“ до пресек со ул.„Киро Пракицов
10	„Ѓорѓи Шоптрајанов“	Речани		
11	„Загребска“			
12	„Илија Климкаров“			
13	„Јордан Хаџи Константинов-Џинот“,			од пресек со ул.„Прохор Пчински“ до пресек со ул.„Вера Цировири-Трена“
14	„Кирил и Методиј“,			од почеток до пресек со ул.„Максим Горки“
15	„Кирил Пејчиновиќ“			
16	„Киро Чауле“			
17	„Кочо Рацин“,			од пресек со ул.„Љубен Весов“ до крај
18	„Крали Марко“			
19	„Кресненско востание“	„Иво Лола Рибар“		од спојот со ул. „Киро Рогужаров“ до крај
20	„Крушевска“			
21	„Лазо Трпковски“			
22	„Љубен Весов“,			од пресек со ул.„Мирче Ацев“ до крај
23	„Максим Горки“,			од пресек со ул.„Миле Милевски“ до пресек со ул.„Кирил и Методиј“
24	„Милан Страчковски“			
25	„Мите Богоевски“			
26	„Наце Димов“			
27	„Петар Делјан“			
28	„Петар Михов“			
29	„Пирин Планина“			
30	„Прохор Пчински“,			од почеток до пресек со ул.„Благој Кирков“
31	„Рилски Конгрес“	„Игманска“		од почеток до пресек со ул.„Љубљанска“
32	„Родна Ивева“,			од почеток до пресек со ул.„Ганчо Хаџи Панзов“
33	„Роса Плавева“			
34	„Славе Петков“, “			од почеток до пресек со ул.„Питу Гули“
35	„Стефан Гајдов“ (Речани)			
36	„Стојан Бурчевски-Буридан“,			од почеток до пресек со ул.„Ганчо Хаџи Панзов“
37	„Тодор Јанев“,			од пресек со ул.„Костурска“ до пресек со ул.„Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“)
38	„Тодорче Николовски“	„Вељко Влаховиќ“		
39	„Тоше Саздов“,			од почеток до пресек со ул.„Максим Горки“
40	„Трајко Митев“			
41	„Цветан Арсов“,			од пресек со ул.„Коле Цветков“ до крај
42	„Скопска“			
43	„Цветан Арсов“,			од почеток до пресек со ул.„Коле Цветков“
44	Место викано БАБУНА			

Во **втората зона** пазарната вредност на градежното земјиште изнесува 1.5**00,00** денари за метар квадратен,

Член 5

Во **третата зона** се наоѓаат улиците :

Р.бр.	Име на улица	предходно		забелешка
1	„Богдан Каракостев“			од почеток до пресек со ул.„Славјанска“
2	„Ганчо Хаџи Панзов“			
3	„Горна Џумаја“			
4	„9-ти Ноември“			
5	„Даме Груев“			
6	„Ѓорги Димитров“			
7	„Јован Наумов Алабакот“			
8	„Јовче Чучук“			
9	„Јовче Џипунов“			
12	„Мирче Ацев“			од спојот со ул.„Љубен Весов“ до крај
13	„Никола Јонков Вапцаров“			
14	„Питу Гули“			од почеток до пресек со ул.„Славе Петков“
15	„Рајко Жинзифов“			
16	„Рилски Конгрес“	„Игманска“		од пресек со ул.„Љубљанска“ до крај
17	„Ристо Попов“	Превалец		
18	„Славјанска“			
19	„Тодор Ацев“			
20	„Хаџи Косте“	Речани		

1	„Благој Јосмов“,			од пресек со ул.„Славјанска“ до крај
2	„Благој Леов“			
3	„Браќа Поп Јорданови“,			од пресек со ул. „Крали Марко“ до крај
4	„Велјан Шојлев“			
5	„Вера Цириви-Трена“,			од пресек со ул „Јане Сандански“ до пресек со ул.„Маца Овчарова“
6	„Григор Прличев“			
7	Ѓорги Гајдов			
8	„Димко Најдов“,			од пресек со ул.„Архиепископ Михаил“ (претходно ул.„Владимир Назор“) до крај
9	„Караорман“			
10	„Ката Капчева“			
11	„Кирил и Методиј“,			од пресек со ул.„Максим Горки“ до крај
12	„Киро Пракицов“,			од почеток до пресек со ул.„Ката Капчева“
14	„Љубљанска“,			од спојот со ул. „Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“) до спојот со ул.„Ризо Ризов“
15	„Максим Горки“,			од пресек со ул. „Кирил и Методиј“ до крај
16	„Милан Војницалија“ (Речани)			
17	„Миле Милевски“			

18	„Мустафа Кемал Ататурк“	„Козара“		
20	„Петре Милевски“			
21	„Питу Гули“,			од пресек со ул.„Славе Петков“ до пресек со ул.„Богдан Прличков“
22	„Ристо Најдов-Шајката“			
23	„Родна Ивева“,			од пресек со ул.„Ганчо Хаџи Панзов до пресек со ул.„Стојан Бурчевски-Буридан“
25	„Стојан Бурчевски-Буридан“,			од пресек со ул.„Ганчо Хаџи Панзов“ до пресек со ул.„Ристо Најдов-Шајката“

Во **третата зона** пазарната вредност на градежното земјиште изнесува **1.000,00** денари за метар квадратен,

Член 6

Во **Четвртта зона** се наоѓаат улиците :

Р.б	Име на улица	предходно		забелешка
1	„Александар Несторов“			
2	„Андон Шулев“			
3	„Благој Кирков“,			од пресек со ул.„Прохор Пчински“ до крај
4	„Благој Страчковски“			
5	„Богдан Каракостев“,			од пресек со ул.„Славјанска“ до крај
6	„Богдан Прличков“			
7	„Браќа Кошулчеви“			
8	„Ванчо Атанасов - Ѓакот“	Превалец		
9	„Васил Антевски - Дрен“	Превалец		
10	„Вера Цириви-ри-Трена“,			од пресек со ул.„Маца Овчарова“ до крај
11	„Даре Џамбаз“			
12	„Димитрија Чуповски“,			од спој со ул.„Киро Пракицов“ до крај
13	„Дурутовец“	Населба		
14	„Ѓорче Петров“			
15	„Јован Басаров“)	Превалец		
16	„Јовче Тикваровски“			
17	„Јордан Поп Јорданов“	Превалец		
18	„Јордан Џурнов“			
19	„Киро Пракицов“,			од пресек со ул.„Ката Капчева“ до крај
20	„Климент Охридски“,			од пресек со ул.„Кирил и Методиј“, до крај
21	„Костадин Бодин“			
22	„Лисец“			
23	„Љубљанска“,			од пресек со ул.„Ризо Ризов“ до крај
24	„Маца Овчарова“			
25	„Мирко Грков“	Превалец		
26	„Орце Мартинов“,			од пресек со ул.„Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“) до крај

27	„Пеце Трајков Ракчето“			
28	„Питу Гули“,			од пресек со ул.„Богдан Прличков“ до крај
29	„Прохор Пчински“,			од пресек со ул.„Благој Кирков“ до крај
30	„Ризо Ризов“			
31	„Родна Ивева“,			од пресек со ул. „Стојан Бурчевски-Буридан“ до крај
32	„Румена Хаџи Панзова“			
33	Сараевска			Од пресек со ул.Рилски конгрес до крај
34	„Славе Ефтовски“			
35	„Славе Петков“,			од пресек со ул.„Миле Милевски“ до крај
36	„Славко Давчев“			
37	„Стеван Бобевски“			
38	„Стеван Богоев“			
39	„Стојан Бурчевски-Буридан“			од пресек со ул.„Ристо Најдов-Шајката“ до крај
40	„Тодор Јанев“			од спојот со ул.„Рилски Конгрес“ (претходно ул.„Игманска“) до крај
41	„Тоше Саздов“			од пресек со ул.„Максим Горки“ до крај
42	м.в. „Каменот“			
43	„Шефки Муратов“	Превалец		

10	„Јордан Хаџи Константинов- Џинот“			од пресек со ул.„Вера Цировири-Трена“ до крај
11	„Киро Ќучук“,			од спој со ул.„Белградска“ до крај
19	„Невена Ѓеоргиева -Дуња“,			од пресек со ул.„Киро Пракицов“ до крај
13	„Коле Цветков“,			од пресек со ул.„Загребска“ до крај
24	„Славе Петков“,			од пресек со ул.„Питу Гули“ до крај
26	„Тоше Саздов“,			од пресек со ул.„Максим Горки“ до крај
27	„Трајко Бошкоски-Тарцан“	Превалец		
28	„Трајче Андреевски-Петкановски“	Превалец		

Во **четвртата зона** пазарната вредност на градежното земјиште изнесува **800,00** денари за метар квадратен,

Член 7

Петата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарските општини на селата :

- Отовица и
- Реонот околу Езеро младост

Во **Петата зона** пазарната вредност на градежното земјиште изнесува **1.300,00** денари за метар квадратен.

Член 8

Шестата зона го опфаќа градежното земјиште во

- КО Башино Село
- Горно Оризари
- Долно Оризари

Во **шестата зона** пазарната вредност на градежното земјиште изнесува 8**00,00** денари за метар квадратен.

Член 9

Седмата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарските општини на селата:

- Чалошево ,
- Раштани
- Ораовец,
- Иванковци,
- Долно Караслари,
- Горно Караслари,
- Кумарино,
- Мамутчево ,
- Црквино ,
- Сујаклари,
- Бузалково
- Клуковец и
- Новачани.

Во **Седмата зона** пазарната вредност на градежното земјиште изнесува **500,00** денари за метар квадратен.

Член 10

Осмата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарските општини на сите други села кои влегуваат во подрачјето на Општина, освен селата од член 6,член 7 и член 8 од оваа Одлука.

Во **осмата зона** пазарната вредност на градежното земјиште изнесува **300,00** денари за метар квадратен.

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01.01.2019 година

Број 25-6565/5
28.12.2018год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 359

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за определување на критериуми за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште на територијата на Општина Велес

Се објавува, Одлуката за определување на критериуми за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.12.2018 година.

Број 08-6580/5
31.12.2018 година
В е л е с

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа член 36, став 1, точка 15 од законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 05/02), член 5 став 4 Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ" бр. 61/04, 92/2007, 102/2008, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13,154/15, 192/15 и 23/16), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" 12/06, 3/09, 18/10, 15/14 и 15/18), а согласно член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот на Министерството за транспорт и врски на Република Македонија („Сл.весник на РМ" бр.54/12,17/13, 21/13 и 142/14)

Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 28.12.2018 година, донесе

ОДЛУКА
за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјоделско земјиште на територијата на Општина Велес

Член 1

Пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите, ливадите и пасиштата се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и предходи на годината за која се врши утврдување на данокот односно за 2018 година, на подрачјето на општината согласно на Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот на Министерството за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 2

При утврдувањето на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите, ливадите и пасиштата се зема во предвид култура и класа, стрмнина, длабочина, ерозија, можности за иригација и користење на машинерија, апсорпција на вода и сл.

·I ГРУПА

Катастарска Општина	Класа	Пазарна вредност по $м^2$ (во денари)			
		ниви ливади шуми пасишта	лозја овош.	во систем со вода, покрај вода	
				ниви	Лозја,овоштарници
1. Башино село, 2. Велес, 3. Горно Оризари, 4. Долно Оризари 5. Отовица,	I II III IV V VI VII VIII	70 65 60 55 50 40 35 30	120 115 110 105 100 95 90 85	130 125 120 115 110 105 100 95	140 135 130 125 120 115 110 105

·I -А група

Катастарска Општина	Класа	во систем со: вода, покрај вода	
		ниви	лозја , овоштарници
1. Велес 2. Башино село Во делот кој го опфаќа Речниот појас на реката Вардар со места викани: 1. Среден пат 2. Лака 3. Дрењевица 4. Бавчи 5. Шорка 6. Јолџик 7. Умин дол 8. Отовица и други места во овие локалитети за земјиште кое не е влезено во градежен реон.	I	200	350
	II	180	320
	III	160	300
	IV	140	280
	V	100	260
	VI	85	220
	VII	75	190
	VIII	65	160

·II ГРУПА

Катастарска Општина	Класа	Пазарна вредност по $м^2$ (во денари)			
		ниви ливади шуми пасишта	лозја овош	во систем со вода	
				Ниви	Лозја и овоштарници
1. Бузалково	I	60	75	80	100
2. Клуковец 3. Горно Караслари	II	58	70	75	90
4. Долно Караслари 5. Иванковци	III	56	65	70	80
6. Кумарино 7. Мамутчево	IV	54	60	65	70
8. Новачани 9. Ораовец	V	52	58	60	60
10. Раштани 11. Сујаклари	VI	50	55	58	50
12. Црквино 12. Чолошево	VII	45	50	55	40
	VIII	30	40	45	30

·III ГРУПА

Катастарска Општина	Класа	Пазарна вредност по $м^2$ (во денари)			
		ниви ливади шуми пасишта	лозја овош	во систем со : вода, покрај вода	
				ниви	лозја , овоштарници
1. Белештевица 2. Ветерско 3. Карабуњиште 4. Крушје 5. Лугунци 6. Ново село-Велес 7. Рлевци 8. Рудник 9. Сливник 10. Слп 11. Сопот 12. Џидимирци	I	15	24	22	30
	II	14	20	20	28
	III	12	18	18	24
	IV	8	15	14	18
	V	6	13	10	15
	VI	5	10	8	10
	VII	4	8	6	8
	VIII	3	5	4	6

Член 4

Во Катастарските општини: Караслари, Оризари, Башино Село, Отовица и во населбите Превалец и Речани кои се наоѓаат на територијата на Општина Велес, земјоделското земјиште ,шумите, ливади и пасиштата во овие места кое се наоѓаат на 100 метри од левата и десната страна на (локалниот, регионалниот односно на автопатот кој поминува кај некое од тие места) пазарната вредност на земјоделското земјиште изнесува:

350,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	I бонитетна класа
320,00 ден. за м2	за земјоделско земјишт е,шума, ливада ,пасиште	II бонитетна класа
280,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	III бонитетна класа
250,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	IV бонитетна класа
200,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	V бонитетна класа
180,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	VI бонитетна класа
150,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	VII бонитетна класа
100,00 ден. за м2	за земјоделско земјиште,шума, ливада ,пасиште	VIII бонитетна класа

Пазарната вредност за неплодно земјиште се утврдува по вредноста утврдена за земјоделско земјиште, шума, ливади, пасиште од VIII класа.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“,а ќе се применува од 01.01.2019 година

Број 25-6565/6
28.12.2018год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 360

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес, КО Оризари-вон град

Се објавува, Одлуката за утврдување на потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес, КО Оризари-вон град., што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 28.12.2018 година.

Број 08-6580/6
31.12.2018 година
В е л е с

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 46, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“ Сл. Весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (“Сл. Гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 03/09,18/10, 15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес, КО Оризари-вон град

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес, за Локална урбанистичка планска документација за дел од КП 1877, КО Оризари-вон град., Општина Велес, со намена Г2- Лесна и незагадувачка индустрија.

Член 2

Одобрувањето на Локална урбанистичка планска документација се врши од страна на Градоначалникот на Општина Велес со решение, со кое се врши уредување на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат.

Член 3

Трошоците за изработка и одобрување на локална урбанистичка планска документација паѓаат на товар на буџетот на Општина Велес.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-6565/7
28.12.2018год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
а Совет на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр.361

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за давање Согласност за донесување на Годишниот план за вработување на Општина Велес за 2019 година

Се објавува, Заклучокот за давање Согласност за донесување на Годишниот план за вработување на Општина Велес за 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.12.2018 година.

Број 08-6580/7
31.12.2018 година
В е л е с

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) а согласно член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр. 27/14,199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за давање Согласност за донесување на Годишен План за вработување на Општина Велес за 2019 година

1. Советот на Општина Велес дава Согласност за донесување на Годишен план за вработување на Општина Велес за 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-6565/8
28.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

04Прилог 1 – Образец на годишен план за вработување

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
Општина Велес и ТППЕ
Бр.08-6452/1 од 21.12.2018

БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.:	08-6452 /1 21.12.2018

ИНСТИТУЦИЈА:	Општина Велес
ЗА ГОДИНА:	2019
ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА:	6017282
ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:	4004004117638
ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА:	21.12.2018

	Име и презиме	Потпис
Подготвил: (го потпишува на датумот на подготовка)	Марина Бојаџиева	_____
Одобрил: (го потпишува на датумот на подготовка)	Елизабета Јовчевска	_____
РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: (го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување)	Аце Коцевски	_____ _____

ДЕЛ 1. СОСТОЈБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА

Табела 1. Планирана бројна состојба на крајот на тековната година

	Опис	ВКУПНО	Македонци	Албанци	Турци	Срби	Власи	Роми	Бошњаци	Други
а	Моментално вработени во институцијата (на датумот на пополнување на годишниот план)	88	85	0	1	0	2	0	0	0
б	Планирани пензионирања и најавени заминувања во тековната година (заклучно со 31 декември тековната година)	0	0	0	0	0	0	0	0	0
в	Планирани нови вработувања во тековната година (заклучно со 31 декември тековната година)	0	0	0	0	0	0	0	0	0
г	**Планирана бројна состојба на 31 декември тековната година (г = а - б + в)**	88	85	0	1	0	2	0	0	0

ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА КАДАРОТ ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

Табела 2. Планирано пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување во следната година

Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување и/или распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)*	ДА	НЕ
Доколку одговорите со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување и/или распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)*		3

Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас и/или решение за распоредување:
(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)

р. Бр	на работно место (шифра и назив)	во орг. Един.	Во рамки на орг. Един.	Во рамки на орг. Един.	Кратко образложение
1.	Раководител на одделение за заштита на животната средина УПР0101Б04000	Одделение за заштита на животната средина	Сектор за урбанизам и заштита на животна средина , комунални дејности, евроинтеграции и лер		унапредување
2.	Раководител на одделение за поддршка на Градоначалникот УПР0101Б04000	Раководител на одделение за поддршка на Градоначалникот	Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки, ИТ и поддршка на Градоначалникот		унапредување
3.	Советник за спроведување на урбанистички планови УПР 0101В01000	Одделение за урабанизам	Сектор за урбанизам и заштита на животна средина , комунални дејности, евроинтеграции и лер		унапредување

Табела 3. Планирано испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа во следната година

Дали планирате испразнување на работни места преку објавување на трансфер листа, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)*	ДА	НЕ
Доколку одговорите со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на работни места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа за преземање во други институции: *(наведете број)*		

Наведете ги работните места кои планирате да ги испразните преку објавување на трансфер листа и одберете една од наведените причини:
(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)

р. бр	работно место (шифра и назив)	од орг. един.	во рамки на орг. един.	во рамки на орг. един.	причина 1: намалување на надлежности на институцијата	причина 2: намалување на обемот на работа	причина 3: поедноставување на постапки	причина 4: работното место се укинува (наведете датум)	причина 5: друго (наведете ја причината)

Табела 4. Планирано испразнување на работни места преку пензионирања и најавени заминувања во следната година

Дали се планирани пензионирања и/или најавени заминувања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)*	ДА	НЕ
Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на вработени кои ќе се пензионираат или ќе заминат: *(наведете број)*		

Наведете ги работните места кои ќе се испразнат, одберете една од наведените причини:
(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици...)

р. Бр	работно место (шифра и назив)	во орг. Един.	Во рамки на орг. Един.	Во рамки на орг. Един	Причина 1: пензионирање (наведете датум на престанок на работниот однос)	причина 2: најавено заминување (наведете датум на престанок на работниот однос)	причина 3: друго (наведете ја причината и датум на престанок на работниот однос)

Табела 5. Планирани пензионирања по припадност на заедница

	Опис	**ВКУПНО**	**Македонци**	**Албанци**	**Турци**	**Срби**	**Власи**	**Роми**	**Бошњаци**	**Други**
а	**Планирани пензионирања во следната година (заклучно со 31 декември следната година)**	0	0	0	0	0	0	0	0	0

ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНИ НОВИ ВРАБОТУВАЊА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

Табела 6. Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања во следната година

Дали имате потреба од нови вработувања во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)*	**ДА x**	НЕ
Доколку одговоривте со ДА, наведете го ВКУПНИОТ број на нови вработувања за кои имате потреба: *(наведете број)*		**16**

Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања и одберете една од наведените причини
(внесете кратко образложение за причината и по потреба додадете нови редици. Потоа внесете колку месеци во следната година се планира да работи новиот вработен и колкав буџет е потребен за плата на новиот вработен во следната година)

р. бр	работно место (шифра и назив)	во орг. единица	во рамки на орг. единица	во рамки на орг. единица	причина 1: зголемување на надлежностите на институцијата или обемот на работа на орг. единица	причина 2: пензионирање или најавено заминување	причина 3: друго (наведете ја причината)	Колку месеци во следната година се планира да му се исплаќа плата на новиот вработен? (наведете број)	Колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година? (наведете во денари)
1	Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животна средина , комунални дејности, евроинтеграции и ЛЕР УПР0101Б02000 1 извршител	Сектор за урбанизам, заштита на животна средина,комунални дејности , евроинтеграции и ЛЕР	Сектор за урбанизам, заштита на животна средина,комунални дејности , евроинтеграции и ЛЕР		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	35,058,00
2	Раководител на одделение за јавни набавки УПР0101Б04000 1 извршител	Одделение за јавни набавки	Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки ИТ и поддршка на Градоначалникот		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	28.303,00

3	Раководител на одделение за ИТ УПР0101Б04000 1 извршител	Одделение за ИТ	Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки ИТ и поддршка на Градоначалникот		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	28.303,оо
4	Раководител на одделение за комунални работи и сообраќај УПР0101Б04000 1 извршител	Одделение за комунални работи и сообраќај	Сектор за урбанизам, заштита на животна средина,комунални дејности , евроинтеграции и лер		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	28.303,00
5	Раководител на одделение за евроинтеграци и локален економски развој УПР0101Б04000 1 извршител	Одделение за евроинтеграции и Локален економски развој	Сектор за урбанизам, заштита на животна средина,комунални дејности , евроинтеграции и лер		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	28.303,00
6	Раководител на одделение за управување со човечки ресурси УПР0101Б02000 1 извршител	Одделение за управување со човечки ресурси	Одделение за управување со човечки ресурси		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	28.303,00
7	Соработник за млади, спорт и здруженија на граѓани УПР0101В03000 1 извршител	Одделение за јавни дејности	Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки и ИТ и поддршка на Градоначалникот		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	22.500,00
8	Помлад соработник за евроинтеграции и грантови УПР0101В04000 1 извршител	Одделение за евроинтеграции и Локален економски развој	Сектор за урбанизам, заштита на животна средина,комунални дејности , евроинтеграции и лер		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	20.987,00
9	Помлад соработник-даночен извршител УПР0101В04000 1 извршител	Одделение за финансиски прашања	Одделение за финансиски прашања		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	20.987,00
10	Самостоен референт за административна поддршка УПР 0101Г01000	Одделение за поддршка на Градоначалникот	Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки ИТ и поддршка на Градоначалникот		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	15.689,00

11	Советник - инспектор за домување ИНС0101В01001 1 извршител	Одделение за инспекциски надзор	Одделение за инспекциски надзор		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	25.023.00
12	Советник Градежен инспектор ИНС0101В01001 1 извршител	Одделение за инспекциски надзор	Одделение за инспекциски надзор		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	25.023.00
13	Самостоен референт за книговодител УПР 0101Г01000 1 извршител	Одделение за финансиски прашања	Одделение за финансиски прашања		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	15.689.00
14	Самостоен референт за архивар УПР 0101Г01000 1 извршител	Одделени за правни и општи работи и месна самоуправа	Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки ИТ и поддршка на Градоначалникот		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	15.689.00
15	Советник за правни работи и правна помош УПР 0101В01000 1 извршител	Одделение за урбанизам	Сектор за урбанизам, заштита на животна средина,комунални дејности , евроинтеграции и лер		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	25.023.00
16	Виш соработник-WEB администратор 1 извршител	Одделение за информатичка технологија	Сектор за правни и општи работи, јавни дејности,јавни набавки ИТ и поддршка на Градоначалникот		Зголемување на обемот на работата			12 месеци	23.257.00

Табела 7. Број на работни места кои се планира да се пополнат преку нови вработувања во следната година

	Опис	ВКУПНО
а	**Планирани нови вработувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година)	16

Табела 8. Податоци кои се внесуваат во онлајн калкулаторот "Балансер", поставен на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk

	Опис	ВКУПНО	Македонци	Албанци	Турци	Срби	Власи	Роми	Бошњаци	Други
а	**Стартна позиција за годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 1, ред г, бројна состојба на 31 декември во тековната година)	88	85	0	1	0	2	0	0	0
б	**Пензионирања во годината на која се однесува планот** (се внесуваат податоците од Табела 5, ред а, пензионирања заклучно со 31 декември следната година)	0	0	0	0	0	0	0	0	0
в	**Планирани нови вработувања во годината на која се однесува планот** (се внесува податокот од Табела 7, ред а)	16								

Пристапете на онлајн калкулаторот кој се наоѓа на веб локацијата http://balancer.mioa.gov.mk/, внесете ги податоците од оваа табела и тука приложете го испечатениот документ од калкулаторот

Бр. 362

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година

Се објавува, Заклучокот за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.12.2018 година.

Број 08-6580/8
31.12.2018 година
В е л е с

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-6565/9
28.12.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ” бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.Гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12. 2018 година донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година

1. Во Програмата за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2018 година („Службен гласник на Општина Велес” бр. 19/17) се врши следнава измена:

Во глава II –„Планирање”,точка 4 “Планирани за изработка се следните планови:”

Во табелата после реден бр. 44 текстот во табелата се додава нов ред со следниот текст:

45 Измена и дополна на ДУП на дел од УЕ 5, УБ 24 и дел од УЕ6 и УБ 35, Општина Велес, (младински парк)

2. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-6565/9
28.12.2018год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр.363

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2019 година

Се објавува, Заклучокот за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2019 година,што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.12.2018 година.

Број 08-6580/9
31.12.2018 година
В е л е с

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес"12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5853/10
28.12.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 45 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 3/09, 18/10, 15/14 и 15/18) и член 134 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/07,3/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2018 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за работа на Советот на Општина Велес во 2019 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2019 година се:

-Програмирање на работата на Советот за тековната година;

-Реализација на надлежностите, што со закон се ставени во надлежност на Советот;

-Продлабочување на соработката со јавните служби основани од општината;

-Јавност и транспарентност во извршувањето на активностите за 2019 година.

II.АКТИВНОСТИ

I-во тромесечие

Ред.бр.	Наслов	Рок на разгледување на материјалот	Предлагач	Изготвувач
1.	Квартален извештај на Општина Велес за IV квартал 2018 година	**I-**во тромесечие - февруари	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
2.	Завршна сметка на Општина Велес за 2018 година.	**I-**во тромесечие- најкасно до 15-ти март	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
3.	Завршна сметка за 2018 година на општинските основни училишта	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	ООУ	Општинските основни училишта
4.	Завршна сметка за 2018 година на општинските средни училишта	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	ОСУ	Општинските средни училишта
5.	Завршна сметка за 2018 година на општинските културни установи – Библиотека и музеј	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	Јавни установи	ЛУ Народен музеј и Локална библиотека „Гоце Делчев“
6.	Завршна сметка за 2018 година на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“Велес	**I-**во тромесечие - март Најкасно до 15 март	Јавна установа	ОЈУДГ „Димче Мирчев“
7.	Завршна сметка за 2018 година на ЈКП „Дервен“	**I-**во тромесечие - февруари Најкасно до 15 март	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
8.	План за работа на ЈКП „Дервен„ во 2019 година	**I-**во тромесечие - јануари	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
9.	Завршна сметка за 2018 година на ЈПССО „Парк спорт“’Велес	**I-**во тромесечие – најкасно до 15-ти март	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“
10.	Годишен извештај за 2018 година на Општина Велес	**I-**во тромесечие – најкасно до 15-ти март	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања и одговорен сметководител
11.	Буџетски календар за 2020 година	**I-**во тромесечие – до 31 март	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања и одговорен сметководител

12.	Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Велес за 2018 година	**I-**во тромесечие-јануари-февруари	Градоначалник	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа
13.	Годишен извештај за јавната безбедност на подрачјето на Општината	**I-**во тромесечие	СВР	СВР-Велес
14.	План за упис на учениците од I година во средните училишта во Општина Велес во учебната 2019/2020 година	**I-**во тромесечие	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
15	Програми за реализирање на ученички екскурзии и други слободни активности	**I-**во тромесечие	ООУ	Општински основни училишта
16.	Годишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**I-**во тромесечие-февруари	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
17.	Годишен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**I -**во тромесечие	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“
18.	Извештај за работата на ЛУ Народен музеј	**I -**во тромесечие февруари	Локална установа	ЛУ Народен музеј
19.	Извештај за работата на Локална библиотека „Гоце Делчев“	**I -**во тромесечие февруари	Локална установа	Локална библиотека „Гоце Делчев“
20.	Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион за 2018 година	**I-**во тромесечие	Градоначалник	Вардарски плански регион
21.	Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион за 2018 година	**I-**во тромесечие	Градоначалник	Вардарски плански регион
22.	Годишен извештај за епидемиолошката состојба на територијата на Општина Велес во 2018 година	**I-**во тромесечие – крај на февруари	ЈЗУ ЦЗЈ Велес	ЈЗУ ЦЗЈ Велес
23.	Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2018 година	**I-**во тромесечие – февруари	ЈКП „Дервен“	ЈКП „Дервен“

1.	Квартален извештај на Општина Велес за I квартал 2019 година	**II-**ро тромесечие – мај	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
2.	Тромесечен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**II-**то тромесечие	Претседател на Совет	ЈКП „Дервен“
3.	Тромесечен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**II**-то тромесечие	Претседател на Совет	ЈПССО „Парк спорт“
4.	Информација за состојбата со водоснабдувањето и безбедноста на водата за пиење во Општина Велес во 2018 година	**II**-то тромесечие	ЈЗУ ЦЗЈ Велес	ЈЗУ ЦЗЈ Велес
5.	Информација за санитарно-хигиенската состојба на водата во акумулацијата Езеро Младост за 2018 година	**II**-то тромесечие	ЈЗУ ЦЗЈ Велес	ЈЗУ ЦЗЈ Велес
6.	Информација за квалитетот на воздухот и неговото влијание врз здравјето на луѓето во Општина Велес во 2018 година	**II**-то тромесечие	ЈЗУ ЦЗЈ Велес	ЈЗУ ЦЗЈ Велес
7.	Информација за безбедноста на храната и биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи, ученички домови и болнички установи за 2018 година	**II**-то тромесечие	ЈЗУ ЦЗЈ Велес	ЈЗУ ЦЗЈ Велес
8.	Согласност за паралелки со помал број на ученици	**II**-то тромесечие	ООУ и ОСУ	Општински училишта

1.	Квартален извештај на Општина Велес за II квартал 2019 година	**III-**то тромесечие - август	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
2.	Полугодишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**III-**то тромесечие октомври	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
3.	Полугодишен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**III**-то тромесечие	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“
4.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“	**III-**то тромесечие	ОСУ	ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“
5.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година на ОСУ „Јовче Тесличков“	**III-**то тромесечие	ОСУ	ОСУ „Јовче Тесличков“
6.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година на ССОУ „Димитрија Чуповски“	**III-**то тромесечие	ССОУ	ССОУ „Димитрија Чуповски“
7.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година на ССОУ „Коле Неделковски“	**III-**то тромесечие	ССОУ	ССОУ „Коле Неделковски“
8.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година на ОУД „Лазар Лазаревски“	**III-**то тромесечие	ОУД	ОУД „Лазар Лазаревски“
9.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година на ООУ „Васил Главинов“	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Васил Главинов“
10.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година на ООУ „Блаже Конески“	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Блаже Конески“
11.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј“	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Св. Кирил и Методиј“
12.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Благој Кирков“

13.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година на ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот“	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „ЈХК Џинот“
14.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година на ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари
15.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци	**III**-то тромесечие	ООУ	ООУ „Стојан Бурчевски Буридан “ с. Иванковци
16.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2018/2019 година на ООМУ „Стефан Гајдов“	**III**-то тромесечие	ООМУ	ООМУ „ Стефан Гајдов“
17.	Годишна програма за работа на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ во учебната 2019/2020	**III**-то тромесечие – најкасно до 30 септември	ОСУ	ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“
18.	Годишна програма за работа на ОСУ „ Јовче Тесличков“ во учебната 2019/2020	**III**-то тромесечие – најкасно до 30 септември	ОСУ	ОСУ „ Јовче Тесличков“
19.	Годишна програма за работа на ОССУ „Димитрија Чуповски“ во учебната 2019/2020	**III**-то тромесечие – најкасно до 30 септември	ОССУ	ОССУ „Димитрија Чуповски“
20.	Годишна програма за работа на ОССУ „Коле Неделковски“ во учебната 2019/2020	**III**-то тромесечие – најкасно до 30 септември	ОССУ	ОССУ „Коле Неделковски“
21.	Годишна програма за работа на ОУД „Лазар Лазаревски“ во учебната 2019/2020	**III**-то тромесечие – најкасно до 15 септември	ОУД	ОУД „Лазар Лазаревски“
22.	Годишна програма за работа на ООУ „Васил Главинов“ во учебната 2019/2020 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ „Васил Главинов“
23.	Годишна програма за работа на ООУ „Блаже Конески“ во учебната 2019/2020 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ „Блаже Конески“
24.	Годишна програма за работа на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ во учебната 2019/2020 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ „Св. Кирил и Методиј“

25.	Годишна програма за работа на ООУ „ Благој Кирков“ во учебната 2019/2020 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ „Благој Кирков“
26.	Годишна програма за работа на ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ во учебната 2019/2020 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ „ЈХК Џинот“
27.	Годишна програма за работа на ООУ „Рајко Жинзифов “с. Горно Оризари во учебната 2019/2020 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ„Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари
28.	Годишна програма за работа на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци во учебната 2019/2020 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ООУ	ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци
29.	Годишна програма за работа на ООМУ „Стефан Гајдов“ во учебната 2019/2020 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	Локална установа	ООМУ „Стефан Гајдов“
30	Анализа на здравствената состојба и здравствената заштита на населението во општина Велес во 2018 година	**III-**то тромесечие најкасно до 30 септември	ЈЗУ ЦЗЈ Велес	ЈЗУ ЦЗЈ Велес
31.	Годишна програма за работа на Општинската установа за деца Детска градинка за 2019/2020 година	**III-**то тромесечие Октомври	Локална установа	Детска градинка „Димче Мирчев“
32.	Одлука за доделување 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општина Велес за 2019 година	**III-**то тромесечие-најкасно до 1 ноември	Комисијата	Комисија за општествени дејности
33.	Одлука за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2019 година	**III**-то тромесечие-најкасно до 1 ноември	Комисијата	Комисија за општествени дејности

IV-то тромесечие

1.	Квартален извештај на Општина Велес за III квартал 2019 година	**IV-**то тромесечие-ноември	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
2.	Извештај за работењето на ЈКП „Дервен“ во период од 1-9 месец 2019 година	**IV-**то тромесечие-декември	ЈКП „Дервен“	ЈКП „Дервен“
3.	Одлука за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ за 2019 година	**IV**-то тромесечие-ноември	Комисијата	Комисија за општествени дејности
4.	Извештај за работата на Комисијата и Одлука за доделување стипендии на талентирани ученици и студенти за учебната 2019/2020 година	**IV -**то тромесечие	Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес	Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес
5.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој во 2020 година.	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за локален економски развој
6.	Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во 2020 година	**IV-**то тромесечие	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
7.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2020 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
8.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2020 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
9.	Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот секторот во 2020 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
10.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјална и здравствена заштита во 2020 година.	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
11.	Програма за активностите на Општина Велес во областа образованието во 2020 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
12.	Програма за активностите на Општина Велес во областа за заштита и спасување и противпожарна заштита во 2020 година.	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа

13.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста и меѓународна соработка во 2020 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа
14.	Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес и развојни програми во 2020 година.	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура
15.	Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во 2020 година.	**IV-**то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за урбанизам и заштита на животната средина
16.	Програма за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2019/2020 година	**IV**-то тромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура
17.	Буџет на Општина Велес за 2020 година	**IV-**то тромесечие до 31-ви декември	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
18.	Одлука за извршување на Буџетот на општина Велес за 2020 година	**IV-**то тромесечие до 31-ви декември	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
19.	Извештаи за работата на организационите одбори на Културните манифестации основани од Советот на Општина Велес за 2019 година	**IV**-то тромесечие	Градоначалник	Организациони одбори на културните манифестации
20.	Програма за подигнување и уредување на нови зелени површини за 2020 година	**IV**-то тромесечие	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
21.	Годишна програма за работата на ЈПССО „Парк спорт“ за 2020 година	**IV**-то тромесечие	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк Спорт“
22.	Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2020 година.	**IV-**то тромесечие	Градоначалник	Одделение за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура
23.	Програма за уредување и одржување на градско зеленило за 2020 година.	**IV**-то тромесечие декември	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
24.	Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2020 година.	**IV**-то тромесечие	Комисија за изготвување на Програмата	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа -Комисијата

25.	Годишна програма за работа на културната установа – Локална библиотека „Гоце Делчев“	**IV-**то тромесечие (ноември)	Локална установа	Локална библиотека „Гоце Делчев„
26.	Годишна програма за работа на Локалната установа – Народен музеј	**IV-**то тромесечие (ноември)	Локална установа	Локална установа Народен музеј
27.	Деветмесечен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**IV-**то тромесечие	Претседател на Совет	ЈКП „Дервен“
28.	Деветмесечен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**IV**-то тромесечие	Претседател на Совет	ЈПССО „Парк спорт“

III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Согласно вака планираните активности по оваа Програма, јавните служби основани од Општината се должни тромесечните извештаи за работата во тековната година до Советот на Општина Велес да ги доставуваат веднаш по изминувањето на рокот за кој се задолжени со закон.

Програмата за работа на Советот во текот на годината може да се дополнува со други содржини кои ќе произлезат од тековните активности на Општина Велес и јавните служби основани од Општината.

Годишните програми и Буџетот ќе бидат донесувани во две фази и за истите ќе бидат организирани јавни расправи. Советот на Општина Велес во тековната година, покрај вака планираното донесува и повеќе одлуки, информации, извештаи и решенија.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-6565/10
28.12.2018год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр.364

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Програма за обележување годишнини на значајни настани и личности за 2019 година

Се објавува, Заклучокот за донесување Програма за обележување годишнини на значајни настани и личности за 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.12.2018 година.

Број 08-6580/10
31.12.2018 година
В е л е с

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес „Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за одбележување годишнини на значајни настани и личности за 2019 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за одбележување годишнини на значајни настани и личности за 2019 година

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5853/11
28.12.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ “ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес “ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2018 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2019 година

Поаѓајќи од историските традиции, културните и други збиднувања во Република Македонија, а особно во Општината Велес, во 2019 година Општина Велес ќе се вклучи, а во одредени случаи ќе биде и носител на обележувањето на следните значајни настани и личности:

21 Февруари	**75 година од Февруарскиот поход**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес Општина Чашка
8 Март	**Меѓународен ден за правата на жената**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Организација на жени на Општина Велес Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Велес
Март	**150 години од раѓањето на Васил Главинов**
Носител :	ООУ „Васил Главинов“ Општина Велес
22 Април	**Светски ден на планетата земја**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Еколошките друштва во Општина Велес
24-27 Април	**116 години од Солунски атентати (Гемиции)**
Носител :	Општина Велес
1 Мај	***Меѓународен ден на трудот***
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Општински синдикален совет
4 Мај	**116 години од загинувањето на Гоце Делчев**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Локална библиотека „Гоце Делчев”
9 Мај	**Ден на победата над фашизмот** **Ден на Европа**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес, Комисија на ЕУ

24 Мај	**Ден на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј**
Носител :	Општина Велес
5 Јуни	**Светски ден на екологијата**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Еколошките друштва во Општина Велес
13 Јуни	**76 години од загинувањето на Кочо Рацин**
	Почит кон Рацин во Велес и на местото на погибијата на Лопушник
Носител:	Општина Велес, ОО на СБМ Велес ОСУ Гимназија „Кочо Рацин”
12 Јули	**206 години од раѓањето и 141 година од смртта на Андреја Дамјанов**
Носител:	Асоцијација на градови од Република Македонија со архитектонско наследство,Сојуз на архитекти на Македонија и Општина Велес
13 Јули	**68 години од смртта на Панко Брашнар**
Носител:	Општина Велес ОО на СБМ Велес
18 Јули	**75 години од загинувањето на Коце Димов Витамин**
Носител:	ОО на СБМ Велес
26 Јули	**70 години од загинувањето на борците од Егејска Македонија во граѓанската војна во Грција (1946-1949)**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес ЗГ „Ѕвезда”
2 Август	**Ден на Републиката** 75 година од I Заседание на АСНОМ 116 години од Илинденското востание
Носител :	Општина Велес ОО на СБМ Велес
9 *Август*	**Ден на патронот и заштитник на град Велес** **Св.вмч. Пантелејмон**
Носител :	Повардарска Епархија на МПЦ и Општина Велес
18 Август	**Ден на Армијата на Република Македонија**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Гарнизонот на АРМ - Велес

2 Септември	**75 години од формирањето на Осмата македонска народноослободителна ударна бригада**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес Гарнизон на АРМ - Велес
8 Септември	**Ден на независноста на Република Македонија**
	Организирање на свечено обележување
Носител :	Општина Велес
10 Септември	**75 години од загинувањето на борците на Осмата МНОУБ кај месноста Раштански колиби**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес
4 Октомври	**115 години од загинувањето на Тодор Христов Офицерчето и 111 години од загинувањето на Јован Наумов Алабакот**
Носител :	Општина Велес Државен архив на Република Македонија Одделение Велес
11 Октомври	**Ден на народното востание**
Носител :	Општина Велес и ОО на СБМ Велес
23 Октомври	**Ден на македонската револуционерна борба**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на државно ниво
Носител :	Општина Велес
24 Октомври	**75 години од загинувањето на Јовче Тесличков**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ОО на СБМ Велес ОСУ „Јовче Тесличков”
9 Ноември	**Денот на ослободувањето на Велес – општински празник (и денот на формирањето на Народно-ослободителниот одбор на Велес) Одбележување на 75 години од загинувањето на Јовче Чучук**
	Пригодна програма, свеченост за доделување 9 –то Ноемвриски награди и признанија
Носител :	Општина Велес и ОО на СБМ Велес

1 Декември	**Светски ден за борба против сидата**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	НВО
3 Декември	**Светски ден на лицата со попореченост**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	Општина Велес Дневен центар за лица со посебни потреби, ПОУ „Маца Овчарова”, Меѓуопштински центар за социјални работи – Велес, ГО
8 Декември	**Денот на „Св. Климент Охридски”**
	Општина Велес ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво
Носител :	ООУ и ОСУ Велес Општина Велес
21 Декември	**Годишнина од смртта на Миле Поп – Јорданов**
Носител :	Општина Велес
24 Декември	**90 години од смртта на Васил Главинов**
Носител:	ООУ „Васил Главинов” Општина Велес
Значајни датуми за граѓаните припадници на етничките заедници	**Континуирано во текот на целата календарска година, согласно утврдени датуми за чествување на Меѓународни празници и традиционални датуми**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2019година.

Број 25-6565/11
28.12.2018год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр.365

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2019 година

Се објавува, Заклучокот за донесување Оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2019 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 28.12.2018 година.

Број 08-6580/11
31.12.2018 година
В е л е с

Градоначалник
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес „Сл. гласник на Општина Велес“ 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2019 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2019 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-5853/12
28.12.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 12 од Законот за урбано зеленило (“Службен весник на РМ” бр. 11/18), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14 и 15/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 28.12.2018 година ја донесе следната

ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2019 ГОДИНА

I. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Оперативната програма за одржување на јавното зеленило (во понатамошниот текст: Програмата) е насочена кон одржување на зеленилото во парковските површини, зеленилото на скверовите во централното градско подрачје, скверовите на улиците и на влезовите во Град Велес и на др. помали зелени површини заради хортикултурно уредување и високо естетско оплеменување на просторот и урбан изглед на градот.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата е да се обезбеди редовно одржување на јавните зелени површини со што ќе се овозможи биолошко зачувување и правилен развој на постоечкото зеленило.

Со оваа Програма се утврдува:

-видот и површината на зеленилото што ќе биде одржувано,

- начинот на одржување,

- изворот на обезбедување и финансиските средства,

- следење на нејзината реализација.

III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Оваа Програма ќе опфати:

- Одржување на јавните зелени површини (паркови, зелени површини во централно градско подрачје, скверови на улици, влезови во град);
- Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и останати зелени површини (патеки во зелените површини);
- Одржување на дрворедите во градот;
- Постапување со оштетени дрвја на територија на Општина Велес.

При изготвувањето на Програмата за уредување и одржување на градското зеленило во Велес земен е во предвид фактот дека начинот и интензитетот на одржувањето на зеленилото се менливи елементи

кои се во корелација со местоположбата и потребите на градот, климатските услови, структурата на зеленилото и неговата распространетост.

Вкупната ефективна површина на јавни зелени површини за редовно одржување изнесува **309.941 м²**.

Во Програмата е предвидено и одржување на останато јавно зеленилото во согласност со потребите на Општина Велес.

IV. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавните зелени површини ќе ја изведува ЈКП Дервен, преку секторот Паркови и зеленило.

V. ПРЕГЛЕД НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО ГРАДОТ (по локација со површина)

1	**ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ**	**192.347 м²**
1.1	Градски парк	71.448 м²
1.2	Парк „Општина“	13.768 м²
1.3	Парк „Гимназија“	18.600 м²
1.4	Младински парк	11.500 м²
1.5	Парк „Васил Главинов“	5.084 м²
1.6	Парк „Офицерски“	2.847 м²
1.7	Парк „Автобуска“	5.200 м²
1.8	Парк „Херои“	1.350 м²
1.9	Парк под Железен мост	15.800 м²
1.10	Парк Костурница	6.750 м²
1.11	Езеро Младост	40.000 м²

2	**ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЈЧЕ**	**17.266 м²**
2.1	Зелени површини на ул.„Благој Ѓорев“	10.947 м²
2.2	Зелени површини на ул.„8-ми Септември“	2.947 м²
2.3	Зелени површини на ул.“Димитар Влахов“	3.272 м²
2.4	Одржување на висечки жардињери	100 м²

3	**УЛИЦИ И СКВЕРОВИ**	**76.528 м^2**
3.1	ул.„Живко Фирфов“	7.211 м^2
3.2	ул.„Благој Ѓорев“	16.669 м^2
3.3	ул.„Слако Ѓеорѓиев - Сватот“	2.600 м^2
3.4	ул.„Луј Пастер“	2.550 м^2
3.5	ул.„Васил Главинов“	3.880 м^2
3.6	ул.„Лазо Осмаков“	2.205 м^2
3.7	Сквер „Симпо“	1.668 м^2
3.8	ул.„Индустриска“	1.200 м^2
3.9	ул.„11-^{ти} Октомври“	4.680 м^2
3.10	ул.„Никола Карев“	1.210 м^2
3.11	„Комплекс УЗУС“	7.082 м^2
3.12	ул.„Борис Трајковски“	2.000 м^2
3.13	ул.„Методија Андонов Ченто“	2.263 м^2
3.14	ул.„Христо Узунов“	160 м^2
3.15	ул.„Крсте Мисирков“	800 м^2
3.16	ул.„Панко Брашнаров“	600 м^2
3.17	Ул.„Андон Шурков“	300 м^2
3.18	ул.„Алексо Демниев“	1.720 м^2
3.19	ул.„Алексо Демниев“ – жел. станица	1.500 м^2
3.20	ул.„АСНОМ“	2.100 м^2
3.21	ул.„Георги Војтех“	1.316 м^2
3.22	ул.„Кумановска“	2.219 м^2
3.23	ул.„Оливер Китановски“	1.150 м^2

3.24	ул.„Љубљанска“	800 м^2
3.25	ул.„Сараевска“	750 м^2
3.26	ул.„Костурска“	1.200 м^2
3.27	ул.„8-ма Велешка бригада“	600 м^2
3.28	Кривини „Којник“	700 м^2
3.29	ул.„Димко Најдов“	800 м^2
3.30	ул.„Петре Прличко“	2.080 м^2
3.31	ул.„Д. Влахов“-кружен тек-влез во град	2.515 м^2

4	**ВЛЕЗОВИ ВО ГРАД**	**23.800 м^2**
4.1	Влез од Населба Речани	10.000 м^2
4.2	Влез од Башино село	8.000 м^2
4.3	Влез од Долни дуќани	3.000 м^2
4.4	Влез од Превалец	1.400 м^2
4.5	Влез од Костурница	1.400 м^2
ВКУПНА ПОВРШИНА ЗА ОДРЖУВАЊЕ		**309.941 м^2**

VI. НАЧИН НА ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВСКИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

§**ГРАДСКИ ПАРК**

Ред .бр	Вид на работа	Ед. мер	Количина	Пати	Вкупно	Цена	Вкупно
1	Машинско косење	$м^2$	7.100	15	106.500	0,95	101.175
2	Машинско косење со самоодна машина	$м^2$	23.829	15	357.435	4,00	1.429.740
3	Собирање на трева	$м^2$	7.100	15	106.500	0,50	53.250
4	Рачно гриблање на лист	$м^2$	7.100	2	14.200	0,50	7.100
5	Собирање на лист со колектор од тревни површини	$м^2$	23.829	4	95.316	4,00	381.264
6	Кроење на ружи и цветни грмушки	бр.	100	2	200	15,00	3.000
7	Кроење на зимзелени грмушки	бр.	100	2	200	15,00	3.000
8	Собирање на хартија и отпадоци	$м^2$	20.000	120	2.400.000	0,06	144.000
9	Чистење на тревник со гребули и отстранување на отпадоци	$м^2$	30.929	2	61.858	3,20	197.946
10	Машинско чистење на патеки со дувалка	$м^2$	1000	6	6.000	2,00	12.000
						Вкупна сума:	**2.322.475**

▪**ПАРК ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Р.бр	Вид на работа	Ед. мер	Количина	Пати	Вкупно	Цена	Вкупно
1	Машинско косење	$м^2$	1.585	15	23.775	0,95	22.586
2	Машинско косење со самоходна машина	$м^2$	9.000	15	135.000	4,00	540.000
3	Собирање на трева	$м^2$	1.585	15	23.775	0,50	11.887
4	Собирање на лист со колектор од тревни површини	$м^2$	5.000	5	25.000	4,00	100.000
5	Припрема на цветни леи, фрезирање и ѓубрење	$м^2$	700	2	1.400	4,58	6.412
6	Садење сезонско цвеќе	$м^2$	700	2	1.400	23,30	32.620
7	Одржување на цвеќе жардињери - поливање	$м^2$	700	120	84.000	0,48	40.320

8	Одржување на цвеќе и жардињери - прашење	$м^2$	700	6	4.200	19,50	81.900
9	Одржување на цвеќе и жардињери - плевење	$м^2$	700	6	4.200	15,93	66.906
10	Прихрана на цвеќе во цветни леи	$м^2$	700	10	7.000	10,00	70.000
11	Фито заштита на цвеќе во цветни леи	$м^2$	700	10	7.000	10,25	71.750
12	Кроење жива ограда	$м^2$	64	4	256	11,00	2.816
13	Кроење на ружи и цветни грмушки	бр.	45	3	135	15,00	2.025
14	Собирање на хартија и отпадоци	$м^2$	5.000	300	1.500.000	0,06	90.000
15	Стругање плевел по патеки	$м^2$	341	3	1.023	7,81	7.990
16	Чистење на тревник со гребули и отстранување на отпадоци	$м^2$	5.000	2	10.000	3,20	32.000
17	Метење попесочени патеки	$м^2$	2.941	52	152.932	0,29	44.350
18	Машинско чистење на патеки со дувалка	$м^2$	2.941	5	14.705	2,00	29.410
						Вкупна сума:	**1.250.947**

▪ПАРК ГИМНАЗИЈА

Р.бр	Вид на работа	Ед. мер	Количина	Пати	Вкупно	Цена	Вкупно
1	Машинско косење	$м^2$	5.200	12	62.400	0,95	59.280
2	Машинско косење со самоходна машина	$м^2$	9.000	12	108.000	4,00	432.000
3	Собирање на трева	$м^2$	5.200	12	62.400	0,50	31.200
4	Рачно гриблање на лист	$м^2$	2.000	6	12.000	0,50	6.000
5	Собирање на лист со колектор од тревни површини	$м^2$	9.000	6	54.000	4,00	216.000
6	Собирање на хартија и отпадоци	$м^2$	18.600	300	5.580.000	0,06	334.800
7	Стругање плевел по патеки	$м^2$	1.000	2	2.000	7,81	15.620
8	Чистење на тревник со гребули и отстранување на отпадоци	$м^2$	14.200	3	42.600	3,20	136.320
9	Метење попесочени патеки	$м^2$	1.000	300	300.000	0,29	87.000
10	Машинско чистење на патеки со дувалка	$м^2$	1.000	10	10.000	2,00	20.000
						Вкупна сума:	**1.338.220**

▪МЛАДИНСКИ ПАРК

Р.бр	Вид на работа	Ед. мер	Количина	Пати	Вкупно	Цена	Вкупно
1	Машинско косење	$м^2$	4.000	15	60.000	0,95	57.000
2	Машинско косење со самоходна машина	$м^2$	5.500	15	82.500	4,00	330.000
